**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

Бр. 12-2730/2

Скопје 13.07.2022 г.


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-2730/1 од 06.07.2022 година, поднесено од барателот на информација Институт за европска политика – Скопје, со седиште на ул. [redacted], e-mail: [redacted] на ден 13.07.2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-2730/1 од 06.07.2022 година, поднесено од барателот на информација Институт за европска политика – Скопје, со седиште на ул. [redacted], e-mail: [redacted], со кое се бараат следните информации од јавен карактер, и тоа:

Дали за временскиот период од 01.04.2022 до 01.07.2022 година:
- имате констатирано напад на новинари/и?
- имате констатирано говор на омраза?

2. **СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, и тоа:

- Дали за временскиот период од 01.04.2022 до 01.07.2022 година имате констатирано напад на новинари/и?

Во период од 1 април до 1 јули 2022 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во два наврати реагираше за недозволиво и недолично однесување кон новинари, и тоа:

- на 26 мај 2022 година, Агенцијата реагираше во врска со повикувањето на информативен разговор на уредничката на ТВ Телма од страна на МВР за вест која не е емитувана во програмата на телевизијата. Објавата е достапна на линкот https://avmu.mk/2022/05/26/%d1%81%d0%be%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82-26/.

и

- на 29 јуни 2022 година, Агенцијата реагираше и го осуди недоличниот однос и вербалните навреди на советникот во општина Охрид, Нефи Усеини упатени кон дописничката на телевизија Телма. Објавата е достапна на линкот https://avmu.mk/2022/06/29/%d0%be%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%b2%d0%b5%d1%80%d0%b1%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%bd%d0%b0%d0%b2%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b8-%d1%83%d0%bf%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8-%d0%ba-2/.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

- Дали за временскиот период од 01.04.2022 до 01.07.2022 година имате констатирано говор на омраза?

Во периодот од 01.04.2022 до 01.07.2022 година, од страна на Агенцијата, на програмите на радиодифузерите нема констатирано говор на омраза за чие ширење би бил одговорен медиумот. Потсетуваме дека Агенцијата, како регулаторно тело кое врши програмски надзор според одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има надлежност само врз програмите на давателите на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, односно на радиодифузерите (радио и телевизија) и аудиовизуелните медиумски услуги по барање. Надзорот врз евентуалната појава на говорот на омраза се врши како вонреден надзор кој се презема или врз основа на претставка или по службена должност. Извештаите од надзорите за ова прашање, кои се спроведени врз основа на поднесена претставка Агенцијата ги објавува на својата веб страна, на https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/

**О б р а з л о ж е н и е**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација Институт за европска политика – Скопје, со седиште на [redacted], e-mail: [redacted] поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер арх.бр.12-2730/1 од 06.07.2022 година, со кое се бараат информации од јавен карактер кои се наведени во точка 1 на диспозитивот на ова Решение.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации, кои се наведени во точка 2 на диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации
_____________________
Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**
_____________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.